Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

# НАЦРТ - ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

# НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

# ЗА 2016 ГОДИНА

ноември, 2015 година

# СОДРЖИНА

ВОВЕД....3
ПРИОРИТЕТНИ АКТИВНОСТИ ....5
1. ИЗБОРНО МЕДИУМСКО ПРЕТСТАВУВАЊЕ ....5
2. РАЗВОЈ НА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИТЕ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ....5
3. ИДЕНТИФИКУВАЊЕ НА ДАВАТЕЛИТЕ НА АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ПО БАРАЊЕ ....6
4. СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА....6
5. МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ ....6
РЕДОВНИ АКТИВНОСТИ ....7
1. РАДИОДИФУЗЕРИ ....7
1.1. ПРОГРАМСКИ НАДЗОР ВРЗ РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ....7
1.2. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ....8
1.3. ЗАШТИТА НА ПЛУРАЛИЗМОТ И РАЗНОВИДНОСТА НА АУДИОВИЗУЕЛНИТЕ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ....8
1.4. АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР ВРЗ РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ....9
1.5. СТРУЧЕН НАДЗОР ....9
1.6. ДОДЕЛУВАЊЕ ДОЗВОЛИ ЗА РАДИО И ТЕЛЕВИЗИСКО ЕМИТУВАЊЕ ....9
1.7. МЕРЕЊЕ НА ГЛЕДАНОСТА И СЛУШАНОСТА НА ПРОГРАМСКИТЕ СЕРВИСИ НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ....10
2. ДАВАТЕЛИ НА АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ПО БАРАЊЕ ....10
2.1. ИЗДАВАЊЕ ПОТВРДИ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА ВО РЕГИСТАРОТ НА ДАВАТЕЛИ НА АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ПО БАРАЊЕ ....10
2.2. ПРОГРАМСКИ НАДЗОР....10
2.3. АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР ....11
3. ОПЕРАТОРИ НА ЈАВНИ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ....11
3.1. РЕГИСТРАЦИЈА НА ПРОГРАМСКИ ПАКЕТИ....11
3.2. ПРОГРАМСКИ НАДЗОР....11
3.3. АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР ....11
4. ИЗДАВАЧИ НА ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ....12
4.1. АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР ....12
5. УСОГЛАСУВАЊЕ НА ДОМАШНАТА РЕГУЛАТИВА ....12
6. АНАЛИЗИ И ИСТРАЖУВАЊА....12
7. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА....13
8. ПРОЦЕС НА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА ....14
9. СОРАБОТКА СО ДОМАШНИ РЕГУЛАТОРНИ ТЕЛА, НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ И АСОЦИЈАЦИИ....15
10. ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО И КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА....15
11. ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ВО АГЕНЦИЈАТА ....16
12. ПОДИГНУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИОТ КАПАЦИТЕТ НА АГЕНЦИЈАТА....16

# ВОВЕД

Програмата за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016 година е изработена врз основа на надлежностите коишто за неа се утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), во Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13 и 13/14) како и врз основа на обврските преземени со Стратегијата за развој на радиодифузната дејност за периодот од 2013 до 2017 година. Со оглед на тоа дека за 2016 година се најавени предвремени парламентарни избори, предвид е земена и надлежноста на Агенцијата да врши мониторинг на медиумското покривање на изборите утврдена во Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.32/14 и 196/15).

Агенцијата е надлежен орган за работите што се предмет на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со којшто се уредени правата, обврските и одговорностите на три вида субјекти: радиодифузерите, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање и операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои ги емитуваат или реемитуваат програмските сервиси на радиодифузерите.

Агенцијата во својата работа се грижи за постигнување на целите на овој закон, односно во Република Македонија особено да се обезбеди развој на аудио и и аудиовизуелните медиумски услуги, промовирање на слободата на изразување, развој на независната продукција, поттикнување, унапредување и заштита на културниот идентитет, јазикот и традицијата на заедниците во Република Македонија, почитување на културните и религиозните разлики, поттикнување на културата на јавен дијалог меѓу граѓаните со цел да се зацврстува заемното разбирање и толеранција за унапредување на односите меѓу различните заедници, поттикнување на творештвото, образовниот и научниот развој, заштита на интересите на корисниците особено на малолетните лица, развој на медиумската писменост, транспарентен, независен, ефикасен и отчетен јавен радиодифузен сервис, транспарентно, независно, ефикасно и отчетно регулаторно тело во областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, техничко-технолошки развој на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, конвергенција со електронските комуникации и услугите на информатичко општество, поттикнување и развој на конкуренцијата во аудио и аудиовизуелните медиумски услуги и реемитувањето на програмски сервиси преку јавни електронски комуникациски мрежи и развој на економијата во Република Македонија.

Во членот 6 од Законот се утврдени вкупно 17 надлежности на Агенцијата:

1. се грижи за обезбедување на јавност во работата на радиодифузерите,
2. ја поттикнува слободата на изразување,
3. се грижи за заштита и развој на плурализмот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, охрабрува и поддржува постоење на разновидни, независни и самостојни аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,

4. презема мерки во согласност со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите на овој закон или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите,
5. се грижи за обезбедување заштита на малолетните лица,
6. ги донесува актите кои произлегуваат од овој закон;
7. се грижи за заштита на интересите на граѓаните во областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги,
8. утврдува постоење на недозволена медиумска концентрација,
9. одлучува за доделба, одземање или продолжување на дозволите за телевизиско или радио емитување,
10. презема мерки за времено ограничување на пренос и прием на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од други држави на територијата на Република Македонија согласно со членот 45 од овој закон,
11. донесува листа на настани од големо значење за јавноста на Република Македонија,
12. поттикнува медиумска писменост,
13. врши надзор согласно со членовите 28, 29 и 30 од овој закон,
14. ги води регистрите утврдени со овој закон;
15. спроведува истражувања и анализи во врска со одделни прашања од областа на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
16. врши мерење на гледаност или слушност на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите од Република Македонија и
17. врши и други работи утврдени со овој закон.

Агенцијата е надлежна за имплементација на дел од одредбите од Законот за медиуми, со којшто се пропишуваат основните начела и услови што треба да бидат исполнети од страна на издавачите на медиуми утврдени со овој закон при вршење на дејноста. Како што е утврдено во членот 1 став 2, предмет на овој закон не се содржините што се објавуваат во медиумите и ниту една одредба од овој закон не смее да се толкува на начин што ќе значи регулација на содржините. Покрај радиодифузерите, согласно дефиницијата во членот 3, како издавачи на медиуми се сметаат и издавачите на печатени медиуми. Агенцијата врши исклучиво административен надзор над нивното работење и тоа само над исполнувањето на обврските за обезбедување на заштита на малолетни лица (член 6), обврската за именување одговорен уредник (член 7), обврската за објавување импресум (член 12) и обврската за обезбедување јавност во работата (член 13). Врз основа на овој закон Агенцијата спроведува и административен надзор над радиодифузерите, и тоа само од аспект на исполнувањето на обврската за објавување импресум (член 12) и обврската за обезбедување јавност во работата (член 13).

# ПРИОРИТЕТНИ АКТИВНОСТИ

## 1. ИЗБОРНО МЕДИУМСКО ПРЕТСТАВУВАЊЕ

Во 2016 година, една од најзначајните активности на Агенцијата ќе биде мониторингот на медиумското покривање на предвремените парламентарни избори, коишто се најавени за април 2016 година. Оваа надлежност за Агенцијата произлегува од Изборниот законик, во којшто е утврдено дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е должна да го следи изборното медиумско претставување на програмскиот сервис на радиодифузерите и електронските медиуми (интернет порталите) во Република Македонија од денот на распишувањето на изборите до завршувањето на гласањето на денот на одржувањето на изборите.

Мониторингот на предвремените парламентарни избори Агенцијата ќе го спроведува врз основа на „Методологија за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси и електронските медиуми (интернет порталите) за време на изборните процеси".

Агенцијата ќе организира и работилници на коишто ќе ги запознае радиодифузерите и електронските медиуми (интернет порталите) со обврските коишто за нив произлегуваат од изборната регулатива, како и со методологијата за мониторинг.

По завршувањето на изборите, Агенцијата ќе изработи „Извештај од медиумското покривање на предвремените парламентарни избори во 2016 година" во кој ќе ги презентира резутатите од спроведениот мониторинг.

## 2. РАЗВОЈ НА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИТЕ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Агенцијата ќе изработи Студија за утврдување на состојбите на регионалниот и локалниот телевизиски пазар, со препораки за надминување на пречките за развој и за создавање услови за одржливи модели на финансирање на регионалните и локалните телевизиски станици.

Потребата од изработка на ваква студија се наметна од одредени случувања на регионалниот и на локалниот телевизиски пазар кои укажуваат дека постојат проблеми во одржливоста на субјектите на овие пазари, како и од резултатите од истражувањата што ги спроведе Агенцијата во 2015 година, а според кои гледаноста на овие телевизии е многу мала.

Сознанијата што ќе произлезат од Студијата ќе бидат предмет на дискусија на работилници со сите заинтересирани субјекти коишто ќе ги организира Агенцијата.

## 3. ИДЕНТИФИКУВАЊЕ НА ДАВАТЕЛИТЕ НА АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ПО БАРАЊЕ

Агенцијата ќе изработи Водич со критериуми за идентификување на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, со осврт кон законската регулатива во оваа област.

Досегашниот интензивен развој на новите медиуми ја наметнува потребата да се изработат јасни критериуми според кои ќе се идентификува кои субјекти се даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање. За содржината на Водичот ќе се организираат јавни дебати во кои Агенцијата ќе ги вклучи сите релевантни чинители. На ваков начин и самите субјекти ќе знаат кои одредби од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги важат за нив.

## 4. СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА

Во согласност со „Програмата за обезбедување достапност до медиумите на лицата со сетилна попреченост“ Агенцијата ќе презема мерки и активности за да ги поттикне давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да ги направат достапни своите програми за лицата со оштетен вид и слух, и тоа:

- Ќе спроведе истражување и анализа на потребите на лицата со оштетен вид и слух и на актуелната ситуација во медиумите во врска со програмите наменети за лицата со попреченост.
- Ќе преземе активности за воспоставување соработка со организациите кои ги претставуваат луѓето со оштетен вид и слух и со други релевантни институции и организации.

## 5. МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

Во насока на спроведување на „Програмата за поттикнување на медиумската писменост во Република Македонија“, Агенцијата ќе ги преземе следните активности:

- Ќе објави брошура во која ќе се објаснат концептите за медиумска писменост и која ќе биде дистрибуирана до медиумските професионалци и до општата јавност, особено до училиштата, како дел од соработката со образовните институции;
- Ќе спроведе аудиовизуелна информативна кампања за тема од медиумската писменост;
- Ќе реализира работилница за релевантна активност поврзана со медиумската писменост;
- Ќе иницира формирање мрежа за поттикнување на медиумската писменост составена од релевантни чинители (јавни институции и министерства, приватни и јавни радиодифузери, граѓански организации и образовни тела);

- Ќе спроведе истражување на нивото на медиумската писменост кај возрасната популација во Република Македонија.

# РЕДОВНИ АКТИВНОСТИ

## 1. РАДИОДИФУЗЕРИ

### 1.1. ПРОГРАМСКИ НАДЗОР ВРЗ РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

Во текот на целата година Агенцијата ќе врши надзор над исполнувањето на програмските обврски од страна на радиодифузерите. Надзорот ќе се спроведува како редовен (врз основа на Годишниот план за програмски надзор за 2016 година и Методологијата за вршење програмски надзор), контролен (по истекот на рокот утврден во изречената мерка) и вонреден (врз основа на иницијатива поднесена од државни органи, правни или физички лица, како и во случај на сомневање по службена должност на Агенцијата).

Периодите во кои ќе се спроведува редовниот програмски надзор, како и бројот на радиодифузерите кои ќе бидат предмет на надзор се утврдени во Годишниот план за програмски надзор за 2016 година. Редовниот програмски надзор ќе се однесува на исполнувањето на обврските утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за:

- Емитување аудио и аудиовизуелни комерцијални комуникации (спонзорство, пласирање производи, услови, начин и времетраење на рекламирање и телешопинг, забрана за учество во реклами и телешопинг на одредени лица итн);
- Заштита на малолетната публика;
- Почитување на обврските за поттикнување и заштита на културниот идентитет (употреба на јазикот, обврските за емитување европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти, како и обврските на радиодифузерите за емитување музика, за програми изворно создадени во Република Македонија на македонски јазик или на јазиците на етничките заедници и за производство на домашна документарна и играна програма) и
- Други програмски обврски, како што се обврските при обезбедување на квизови или други програми со наградно учествување, времетраењето на дневното емитување кај радиодифузерите, обврските при користење на телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање, како и обврските при емитувањето игри на среќа.

## 1.2.ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

Редовниот надзор врз исполнувањето на обврските на радиодифузерите да обезбедат јавност во работењето Агенцијата ќе го врши врз основа на Годишниот план за административен надзор за 2016 година. Субјект на надзорот ќе бидат сите радиодифузери, а ќе се следи исполнувањето на нивната обврска да обезбедат транспарентност на работењето и тоа:

- Кон регулаторот (најдоцна до 31 март до Агенцијата да достават податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник и за економското работење во претходната година) и
- Кон јавноста (најмалку три пати во годината на сопствената програма да ги објават податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник и за изворите на финансирање во претходната година).

За да овозможи јавноста во континуитет да има пристап до податоците за сопственичката структура на радиодифузерите, Агенцијата ќе продолжи овие податоци да ги објавува на својата веб страница.

## 1.3. ЗАШТИТА НА ПЛУРАЛИЗМОТ И РАЗНОВИДНОСТА НА АУДИОВИЗУЕЛНИТЕ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Во текот на целата година Агенцијата ќе презема активности во насока на спроведување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги што се однесуваат на заштита на плурализмот и разновидноста на аудиовизуелните медиумски услуги, и тоа преку:

- постапување по известувања на радиодифузерите за промена на сопственичката структура;
- следење на сопственичката структура на радиодифузерите од аспект на почитувањето на законските одредби поврзани со ограничувањата за стекнување сопственост и посебните забрани за стекнување на сопственост, и
- следење на сопственичката структура на радиодифузерите од аспект на почитувањето на законските одредби поврзани со спречување на недозволената медиумска концентрација и поведување постапки за утврдување недозволена медиумска концентрација

## 1.4. АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР ВРЗ РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

Во согласност со Годишниот план за вршење административен надзор, Агенцијата ќе спроведе редовен надзор врз исполнувањето на обврските на радиодифузерите за:

- објавување импресум;
- обезбедување пристап до информации достапни за корисниците;
- идентификација на радиодифузерите;
- дневна евиденција на емитуваната програма;
- исполнување на програмскиот концепт и
- пресметување и следење на обврската за плаќање на надоместокот за дозвола за телевизиско или радио емитување.

## 1.5. СТРУЧЕН НАДЗОР

Агенцијата ќе врши стручен надзор на радиодифузерите коишто во текот на 2016 година започнале со вршење на дејноста, за да се утврди дали ги исполнуваат техничките, просторните и кадровските услови наведени во барањето за добивање на дозвола за телевизиско или радио емитување.

## 1.6. ДОДЕЛУВАЊЕ ДОЗВОЛИ ЗА РАДИО И ТЕЛЕВИЗИСКО ЕМИТУВАЊЕ

Согласно законската надлежност да доделува дозволи за нови програмски сервиси, Агенцијата ќе ги преземе следните активности:

- доделување дозволи за радио емитување за програмски сервис на терестријално радио што се емитува преку ограничен ресурс (радиофреквенции или преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс) по пат на јавен конкурс, при што ќе се води сметка за доделување дозвола за радиоемитување на државно ниво на албански јазик, со цел поттикнување на културниот плурализам;
- доделување дозволи за телевизиско емитување за програмски сервис на терестријална телевизија што се емитува преку ограничен ресурс (преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс) по пат на јавен конкурс;
- доделување дозволи за програмски сервис на радио или телевизија што се емитува преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс или преку сателит, без објавување на јавен конкурс;

### 1.7. МЕРЕЊЕ НА ГЛЕДАНОСТА И СЛУШАНОСТА НА ПРОГРАМСКИТЕ СЕРВИСИ НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

Како членка на Комитетот за мерење на публиката, Агенцијата активно ќе учествува во остварувањето на основната задача на ова тело – координирање на електронското мерење на телевизиската публика.

Исто така, Агенцијата ќе спроведе и квартални истражувања од коишто ќе се добијат податоци за просечниот дневен и неделен досег и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици што емитуваат на државно ниво преку сателит или преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа, регионалните и локалните телевизии, како и за просечниот дневен и неделен досег и уделот во вкупната слушаност на радиостаниците во Република Македонија.

## 2. ДАВАТЕЛИ НА АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ПО БАРАЊЕ

### 2.1. ИЗДАВАЊЕ ПОТВРДИ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА ВО РЕГИСТАРОТ НА ДАВАТЕЛИ НА АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ПО БАРАЊЕ

Агенцијата ќе издава потврди за регистрација на сите субјекти кои ќе достават уредна и комплетна пријава за евидентирање во регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање.

### 2.2. ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

Програмскиот надзор врз давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање Агенцијата ќе го спроведува како редовен (врз основа на Годишниот план за програмски надзор за 2016 година), контролен (по истекот на рокот утврден во изречената мерка) и вонреден (врз основа на иницијатива поднесена од државни органи, правни или физички лица, како и во случај на сомневање по службена должност).

Предмет на надзорот ќе биде исполнувањето на обврските на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во врска со:

- обврските за пренесување кинематографски дела во периодот утврден во договорите со имателите на права;
- заштитата на малолетните лица;
- употребата на јазикот и
- промоцијата на производството и пристапот до европски аудиовизуелни дела.

### 2.3. АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

Агенцијата ќе спороведува надзор над исполнувањето на обврската за плаќање на годишен надоместок за надзор од страна на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање.

## 3. ОПЕРАТОРИ НА ЈАВНИ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ

### 3.1. РЕГИСТРАЦИЈА НА ПРОГРАМСКИ ПАКЕТИ

Постапување по доставените пријави за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски сервиси и регистрација на програмските сервиси, односно издавање потврди за регистрирање на програмски пакети, по претходна проверка на уредноста и комплетноста на доставената пријава.

### 3.2. ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

Агенцијата ќе спроведува програмски надзор врз операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и тоа, како редовен (врз основа на Годишниот план за програмски надзор за 2016 година), контролен (по истекот на рокот утврден во изречената мерка) и вонреден (врз основа на иницијатива поднесена од државни органи, правни или физички лица, како и во случај на сомневање по службена должност).

Предмет на надзорот ќе биде исполнувањето на обврските на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи во врска со:

- претходно регистрирање на програмските сервиси што ги реемитуваат,
- заштитата на малолетните лица,
- употребата на јазикот,
- реемитување на програмските сервиси на домашните радиодифузери само во сервисната зона за која радиодифузерот има дозвола за емитување, и
- дополнителните обврски за нив утврдени во Законот за аудио и аудиовизулни медиумски услуги.

### 3.3. АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

Агенцијата ќе спороведува надзор над исполнувањето на обврската за плаќање на годишен надоместок за надзор од страна на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи.

# 4. ИЗДАВАЧИ НА ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ

## 4.1. АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

Агенцијата ќе спроведува административен надзор врз работењето на издавачите на печатените медиуми, и тоа редовен надзор (согласно Годишниот план за вршење административен надзор), контролен (по истекот на рокот утврден во изречената мерка) и вонреден надзор (врз основа на иницијатива поднесена од државни органи, правни или физички лица, како и во случај на сомневање по службена должност).

Предмет на надзорот ќе биде да се утврди дали тие ги исполнуваат обврските за:

- заштита на малолетните лица,
- именување одговорен уредник,
- објавување импресум и
- обезбедување јавност во работењето.

# 5. УСОГЛАСУВАЊЕ НА ДОМАШНАТА РЕГУЛАТИВА

Во 2016 година Агенцијата ќе врши усогласување на постојните и донесување на нови подзаконски и други акти согласно со измените и дополнувањата на позитивните законски прописи во Република Македонија.

# 6. АНАЛИЗИ И ИСТРАЖУВАЊА

Во текот на 2016 година Агенцијата ќе ги спроведе следните анализи и истражувања:

- анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги за 2015 година;
- анализа на структурата на вработените во аудио и аудиовизуелниот медиумски сектор во 2015 година (според работни места, образование, пол и статус);
- анализа на структурата на вработените според етничката припадност во аудио и аудиовизуелниот медиумски сектор во 2015 година;
- истражување на мислењето на публиката за квалитетот на програмската понуда на радиодифузерите и за застапеноста на поодделни видови содржини на програмите на домашните радиодифузери;
- анализи на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и мажите во програмите на радиодифузерите;

- анализа на поведените управни спорови против одлуките на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија;
- анализа на сите преземени мерки од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и најчести прекршувања од страна на издавачите на медиуми, давателот на аудиовизуелни медиумски услуги по барање и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа;
- анализа на судските прекршочни постапки заради утврдување на ефективноста на изречените прекршочни санкции на поведените прекршочни постапки против радиодифузерите;
- извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер;
- извештаи за следењето на сопственичката структура на радиодифузерите и на нивните обврски во поглед на транспарентноста на сопственоста и на изворите за финансирање.

## 7. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

- учество во работата на асоцијациите на регулаторни тела од аудиовизуелната област - Европската платформа на регулаторни тела (EPRA), Групата на европски регулатори за аудиовизуелни медиумски услуги (ERGA), Медитеранската мрежа на регулаторни тела (MNRA), остварување соработка со регулаторните тела во Европа;
- развивање и унапредување на билатералната соработка со други регулаторни тела, особено со регулаторните тела од регионот преку потпишување меморандуми и протоколи за соработка и одржување средби за прашања кои произлегуваат од аудиовизуелната област и од имплементацијата на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и од Законот за медиуми;
- соработка со странски организации, институции, асоцијации во однос на прашања што се однесуваат на радиодифузерите, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање и операторите на јавни електронски комуникациски мрежи;
- соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Претставникот за слобода на медиумите на ОБСЕ, со ОБСЕ-ОДИХР и со други тела, чијашто активност е поврзана со различни активности од аспект на работењето на давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, заштитата на слободата на медиумите и следењето на медиумското претставување за време на изборна кампања;

- учество во изработката на Националниот извештај на Република Македонија по Универзалниот периодичен преглед на Советот за човекови права на Обединетите нации;

- учество во изработката на Годишната национална програма за членство на Република Македонија во НАТО во областа на слободата на изразување и изготвување извештаи за нејзина имплементација и учество во работната група за интеграција на Република Македонија во НАТО.

## 8. ПРОЦЕС НА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА

- учество во работната група за Националната програма за усвојување на европското законодавство – НПАА 2016 во следните поглавја: 1.Политички критериуми – подрачје на работна група 1.2.1.Граѓански и политички права; 3.7 Право на интелектуална сопственост – подрачје на работна група 3.7.3 Спроведување; 3.8 Политика на конкуренција – подрачје на работна група 3.8.3 Либерализација; 3.10 Информатичко општество и медиуми – подрачја на работна група: 3.10.1 Електронски комуникации и информатички технологии и 3.10.3 Аудиовизуелна политика и 3.23 Правосудство и фундаментални права – подрачје на работна група 3.23.3.2 Граѓански и политички права;

- изготвување месечни и квартални извештаи за спроведување на Националната програма за усвојување на европското законодавство – НПАА 2016 и изготвување два извештаи кон Придонесот за годишниот извештај на Европската Комисија, кои се однесуваат на напредокот што го постигнува Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во однос на процесот на европска интеграција;

- учество и поддршка на работните тела во процесот на европска интеграција помеѓу Европската Комисија и Република Македонија: Претпристапниот дијалог на високо ниво (High-level accession dialogue), Комитетот за стабилизација и асоцијација, Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика во делот на информатичко општество и медиуми и Поткомитетот за правда, слобода и безбедност во делот на фундаментални права – граѓански и политички права;

- учество во работата на Работниот комитет за европска интеграција и Поткомитетот на Работниот комитет за европска интеграција во координација на Секретаријатот за европски прашања;

## 9. СОРАБОТКА СО ДОМАШНИ РЕГУЛАТОРНИ ТЕЛА, НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ И АСОЦИЈАЦИИ

- учество во работната група при Државната комисија за спречување на корупција за спроведување на Државата програма за превенција и репресија на корупцијата 2016-2019 и Акцискиот план и изготвување извештаи за имплементација
- соработка со асоцијациите на трговските радиодифузни друштва и на операторите на јавните електронски комуникациски мрежи, невладините организации од областа на медиумите, новинарските здруженија, Советот за етика во медиумите на Македонија, Организацијата на потрошувачите, и други организации, по прашања од заеднички интерес за развој на радиодифузната дејност и за остварување на интересите на граѓаните во сферата на информирањето и радиодифузијата“;
- соработка со Министерството за информатичко општество и администрација, Агенцијата за електронски комуникации, Комисијата за заштита на конкуренцијата, Државната комисија за спречување на корупција, Дирекцијата за заштита на лични податоци, Државната изборна комисија, Централниот регистар на Република Македонија, телото надлежно за заштита на авторското и сродните права и други државни тела, органи на државната управа, јавни претпријатија, единици на локална самоуправа, јавни установи и институции од Република Македонија;
- соработка со Државниот инспекторат за труд во врска со прашања поврзани со правата и обврските кои произлегуваат од работниот однос и безбедноста и здравјето при работа;
- соработка со институциите со кои Агенцијата има потпишано Меморандум за соработка;

## 10. ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО И КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА

- организирање јавни состаноци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, еднаш на секои три месеци со цел сите заинтересирани страни да ги изразат нивните ставови и мислења по однос на развојот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, а особено за состојбите на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и реализација на активностите и исполнување на целите од годишната програма за работа на Агенцијата;
- редовно и навремено информирање на јавноста за позначајни прашања од делокругот на работење на Агенцијата преку прес - конференции, соопштенија за медиумите, интервјуа, изјави за медиуми;
- редовно ажурирање на веб страницата на Агенцијата на македонски, албански и англиски јазик за активностите на Агенцијата (извештаи, анализи, изречени мерки,

информации за одржување на седници на Советот и донесени одлуки, конкурси за дозволи за телевизиско или радио емитување, јавни расправи и добиените ставови и мислења итн.);

- постапување по барањата што произлегуваат од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер и ажурирање на листата со информации од јавен карактер;
- издавање и дистрибуција на публикации, брошури и слично со цел информирање на радиодифузерите, давателите на аудиовизуелните медиумски услуги по барање, операторите на јавни комуникациски мрежи, релевантни субјекти и граѓаните;
- унапредување и ажурирање на you tube каналот на Агенцијата.

## 11. ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ВО АГЕНЦИЈАТА

Внатрешната ревизија, преку примена на систематски пристап за процена и подобрување на ефективноста во работењето на Агенцијата, а се со цел Агенцијата да ги исполни своите цели, ќе ги спроведе следните активности:

- Вршење проценка на ризик врз идентификуваните системи и процеси (ревизорски универзум) во Агенцијата;
- Подготовка на Стратешки план за извршување на внатрешната ревизија за периодот од 2017 до 2019 година врз основа на ревизорскиот универзум;
- Подготовка на Годишен план за извршување на внатрешната ревизија за 2017 година, врз основа на Стратешкиот план за извршување на внатрешната ревизија за периодот од 2017 до 2019 година;
- Вршење внатрешни ревизии врз основа на Годишниот план за извршување на внатрешната ревизија за 2016 година;
- Давање разумно уверување за соодветноста на функционирањето на системите и процесите врз кои ќе се врши внатрешна ревизија во 2016 година.

## 12. ПОДИГНУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИОТ КАПАЦИТЕТ НА АГЕНЦИЈАТА

Во 2016 година Агенцијата ќе продолжи да работи на зајакнување на својот институционален капацитет преку:

- програми и обуки за стручно усовршување на вработените во Агенцијата (учество на семинари, работилници, трибини и меѓународни конференции; посети на други регулаторни тела со цел размена на искуства или информирање за конкретни теми и сл.);

- набавка на информатички средства согласно Стратегијата за развој на ИКТ во Агенцијата и

- имплементација на проектот IPA EuropeAid/136311/IH/SUP/MK – Обезбедување опрема за систем за мониторинг на медиумски содржини за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

# НАЦРТ - ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ЗА 2016 ГОДИНА

## *А ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ*

| Подставка | Расходи | **Планирани средства** |
|---|---|---|
| | Вкупно расходи | **132.231.500,00** |
| **400** | **Потрошени материјали** | **1.958.600,00** |
| 400002 | Ситен инвентар во употреба | 300.000,00 |
| 400003 | Униформи,обувки,облека | 166.600,00 |
| 400100 | Потрошено гориво,мазиво и сл. | 472.000,00 |
| 400300 | Потрошени канцелариски материјали | 300.000,00 |
| 400500 | Потрошени матер.за лична хигиена, вода и сл. | 452.000,00 |
| 400700 | Потрошени други материјали и суровини | 150.000,00 |
| 400900 | Потрошени резервни делови | 118.000,00 |
| **401** | **Потрошена енергија** | **3.906.000,00** |
| 401000 | Потрошена електрична енергија | 2.346.000,00 |
| 401100 | Потрошена топлинска енергија | 1.560.000,00 |
| **402** | **Инвестиционо одржување на средствата** | **3.808.400,00** |
| 402010 | Поправки изврш. на добрата,сервис,монтажа-леки коли | 500.000,00 |
| 402020 | Поправки изврш. на добрата,сервис,монтажа-мебел | 10.000,00 |
| 402030 | Поправки изврш. на добрата,сервис,монтажа-хардвер и софтвер | 627.000,00 |
| 402040 | Поправки изврш. на добрата,сервис,монтажа-опрема | 1.671.400,00 |
| 402050 | Поправка одржување на градежни објекти | 1.000.000,00 |
| **403** | **Други услуги** | **472.000,00** |
| 403400 | Печатарски услуги | 472.000,00 |
| **404** | **Превозни транспортни услуги** | **1.960.000,00** |
| 404500 | Поштарина (писма,печ.материјал,пакети и сл.) | 450.000,00 |
| 404600 | Телефонски давачки,давачки за тел. и слично | 1.500.000,00 |
| 404900 | Други давачки за превозни услуги | 10.000,00 |
| **405** | **Издатоци за реклама,пропаганда и репрезентација** | **1.250.000,00** |
| 405000 | Издатоци за репрезентација | 1.250.000,00 |
| **408** | **Наемнини** | **60.000,00** |
| 408100 | Наемнина за користење опрема | 30.000,00 |
| 408500 | Останати видови наемнини | 30.000,00 |
| **409** | **Други материјални расходи** | **980.000,00** |

| | | |
|---|---|---|
| 409000 | Судски и административни такси | 400.000,00 |
| 409100 | Издатоци за стручна литература | 260.000,00 |
| 409200 | Расходи за учество на семинар,советување и сл, | 200.000,00 |
| 409300 | Расходи за регистрација на моторни возила | 120.000,00 |
| **410** | **Провизија за платен промет** | **200.000,00** |
| 410100 | Провизија за платен промет | 150.000,00 |
| 410200 | Банкарска провизија | 50.000,00 |
| **411** | Кредити и камати за кредити | **23.800.000,00** |
| 411000 | Кредити и камати за кредити | 23.800.000,00 |
| **412** | **Премии за осигурување** | **500.000,00** |
| 412100 | Премии за осигурување недвижности и права | 300.000,00 |
| 412200 | Премии за осигурување на моторни возила | 200.000,00 |
| **413** | **Дневници за службени патувања и патни трошоци** | **2.130.000,00** |
| 413000 | Дневница за службени патувања во земјата | 250.000,00 |
| 413100 | Дневница за службени патувања во странство | 350.000,00 |
| 413200 | Надомест за трошоци за превоз за сл.пат во земј. | 150.000,00 |
| 413300 | Надомест за трошоци за превоз за сл.пат во странство | 750.000,00 |
| 413400 | Надомест за трошоци за ноќевање на сл.пат во земј. | 200.000,00 |
| 413500 | Надомест за трошоци за ноќевање на сл.пат во станство | 400.000,00 |
| 413720 | Др.надом.во врска со служ.пат. во странство | 30.000,00 |
| **414** | **Надоместоци на трошоци на работници и граѓани** | **9.205.000,00** |
| 414000 | Надомест на трошоци за превоз до работа и од работа | 200.000,00 |
| 414800 | Јубилејни награди | 135.000,00 |
| 414900 | Други надоместоци | 1.000.000,00 |
| 414901 | Други надоместоци – членови на Совет на Агенцијата | 7.870.000,00 |
| **416** | Членарини | **315.000,00** |
| 416300 | Членарини на меѓународни и други организации | 315.000,00 |
| **417** | Интелектуални и други услуги | **15.762.000,00** |
| 417100 | Договорни услуги | 9.406.000,00 |
| 417500 | Нотарски услуги | 100.000,00 |
| 417700 | Други лични и интелектуални услуги | 370.000,00 |
| 417800 | Други неспомнати услуги-истражување | 4.782.000,00 |
| 417900 | Други услуги од правни лица | 1.104.000,00 |
| **418** | Останати други расходи | **6.304.000,00** |
| 418800 | Други расходи | 6.304.000,00 |
| **42** | Средства за посебни намени | **14.000.000,00** |
| 420300 | Други расходи за меѓун.соработка- Ипа проект | 14.000.000,00 |
| **441** | Средства за опрема | **4.617.200,00** |
| 441000 | Купување на канцелариски мебел | 400.000,00 |
| 441100 | Купување на моторни возила | 397.200,00 |
| 441200 | Купување-набавка на машини,уреди,инструменти | 1.320.000,00 |
| 441500 | Купување-набавка на друга опрема | 2.500.000,00 |
| **442** | Други капитални средства | **640.000,00** |
| 442100 | Откуп на патенти,лиценци и други права | 640.000,00 |

| **460** | **Вкалкулирани плати** | **40.363.300,00** |
|---|---|---|
| 460000 | **Нето плати и надомести на плати** | 27.002.024,00 |
| 460200 | Персонален данок на плати и надомест на плати | 2.463.077,00 |
| 460300 | Придонес за пензиско и инвалидско осигурување | 7.265.470,00 |
| 460310 | Придонес за вработување | 484.376,00 |
| 460320 | Придонес за здравствено осигурување | 2.946.545,00 |
| 460330 | Придонес за професионално заболување | 201.808,00 |

| Ставка | Приходи | Планирани средства |
|---|---|---|
| | Планиран приход за финансирање од радиодифузна такса | 42.000.000,00 |
| | Планирани приходи од дозволи | 47.000.000,00 |
| | Буџет | 6.075.000,00 |
| | Надзор за реемитување на програмски сервиси на оператори на јавна електронска комуникациска мрежа | 7.156.500,00 |
| | Средства од минати години | 30.000.000,00 |
| | *Вкупно* | **132.231.500,00** |

## ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА 2016-ТА ГОДИНА ГРУПИРАНИ ПО ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА

### *ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА 2016-ТА ГОДИНА КОИ НЕ СЕ ГРУПИРАНИ ПО ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА*

| Ставка | Приходи | Планирани средства |
|---|---|---|
| | Планиран приход за финансирање од радиодифузна такса | 42.000.000,00 |
| | Планирани приходи од дозволи | 47.000.000,00 |
| | Буџет | 6.075.000,00 |
| | Надзор за реемитување на програмски сервиси на оператори на јавна електронска комуникациска мрежа | 7.156.500,00 |
| | Средства од минати години | 30.000.000,00 |
| | *Вкупно* | **132.231.500,00** |

### *ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА 2016-ТА ГОДИНА КОИ НЕ МОЖАТ ДА СЕ ГРУПИРААТ ПО ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА*

| | | |
|---|---|---|
| **400** | **Потрошени материјали** | **312.000,00** |
| 400500 | Потрошени матер.за лична хигиена, вода и сл. | 312.000,00 |
| **401** | **Потрошена енергија** | **3.906.000,00** |
| 401000 | Потрошена електрична енергија | 2.346.000,00 |
| 401100 | Потрошена топлинска енергија | 1.560.000,00 |
| **404** | Превозни транспортни услуги | **1.960.000,00** |
| 404500 | Поштарина (писма,печ.материјал,пакети и сл.) | 450.000,00 |
| 404600 | Телефонски давачки,давачки за тел. и слично | 1.500.000,00 |
| 404900 | Други давачки за превозни услуги | 10.000,00 |
| **405** | **Издатоци за реклама,пропаганда и репрезентација** | **1.250.000,00** |

| | | |
|---|---|---|
| 405000 | Издатоци за репрезентација | 1.250.000,00 |
| **408** | Наемнини | **60.000,00** |
| 408100 | Наемнина за користење опрема | 30.000,00 |
| 408500 | Останати видови наемнини | 30.000,00 |
| **409** | Други материјални расходи | **980.000,00** |
| 409000 | Судски и административни такси | 400.000,00 |
| 409100 | Издатоци за стручна литература | 260.000,00 |
| 409200 | Расходи за учество на семинар,советување и сл, | 200.000,00 |
| 409300 | Расходи за регистрација на моторни возила | 120.000,00 |
| **410** | Провизија за платен промет | **200.000,00** |
| 410100 | Провизија за платен промет | 150.000,00 |
| 410200 | Банкарска провизија | 50.000,00 |
| **411** | Кредити и камати за кредити | **23.800.000,00** |
| 411000 | Кредити и камати за кредити | 23.800.000,00 |
| **412** | Премии за осигурување | **500.000,00** |
| 412100 | Премии за осигурување недвижности и права | 300.000,00 |
| 412200 | Премии за осигурување на моторни возила | 200.000,00 |
| **413** | Дневници за службени патувања и патни трошоци | **2.130.000,00** |
| 413000 | Дневница за службени патувања во земјата | 250.000,00 |
| 413100 | Дневница за службени патувања во странство | 350.000,00 |
| 413200 | Надомест за трошоци за превоз за сл.пат во земј. | 150.000,00 |
| 413300 | Надомест за трошоци за превоз за сл.пат во странство | 750.000,00 |
| 413400 | Надомест за трошоци за ноќевање на сл.пат во земј. | 200.000,00 |
| 413500 | Надомест за трошоци за ноќевање на сл.пат во станство | 400.000,00 |
| 413720 | Др.надом.во врска со служ.пат. во странство | 30.000,00 |
| **414** | Надоместоци на трошоци на работници и граѓани | **9.205.000,00** |
| 414000 | Надомест на трошоци за превоз до работа и од работа | 200.000,00 |
| 414800 | Јубилејни награди | 135.000,00 |
| 414900 | Други надоместоци | 1.000.000,00 |
| 414901 | Други надоместоци – членови на Совет на Агенцијата | 7.870.000,00 |
| **416** | Членарини | **315.000,00** |
| 416300 | Членарини на меѓународни и други организации | 315.000,00 |
| 417 | Интелектуални и други услуги | **1.553.000,00** |
| 417100 | Договорни услуги | 1.183.000,00 |
| 417700 | Други лични и интелектуални услуги | 370.000,00 |
| **418** | Останати други расходи | **100.000,00** |
| 418800 | Други расходи | 100.000,00 |
| **42** | Средства за посебни намени | **14.000.000,00** |

| | | |
|---|---|---|
| 420300 | Други расходи за меѓун.соработка- Ипа проект | 14.000.000,00 |
| **441** | Средства за опрема | **797.200,00** |
| 441000 | Купување на канцелариски мебел | 400.000,00 |
| 441100 | Купување на моторни возила | 397.200,00 |
| **442** | Други капитални средства | **286.000,00** |
| 442100 | Откуп на патенти,лиценци и други права | 286.000,00 |
| **460** | Вкалкулирани плати | **40.363.300,00** |
| 460000 | Нето плати и надомести на плати | 27.002.024,00 |
| 460200 | Персонален данок на плати и надомест на плати | 2.463.077,00 |
| 460300 | Придонес за пензиско и инвалидско осигурување | 7.265.470,00 |
| 460310 | Придонес за вработување | 484.376,00 |
| 460320 | Придонес за здравствено осигурување | 2.946.545,00 |
| 460330 | Придонес за професионално заболување | 201.808,00 |
| | *Вкупно* | **101.717.500,00** |

## *ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА 2016-ТА ГОДИНА КОИ СЕ ГРУПИРАНИ ПО ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА*

## *СЕКТОР ЗА КООРДИНАЦИЈА И ПОДДРШКА НА РАБОТАТА НА ДИРЕКТОРОТ И НА СОВЕТОТ НА АГЕНЦИЈАТА*

| | | |
|---|---|---|
| **403** | Други услуги | **472.000,00** |
| 403400 | Печатарски услуги | 472.000,00 |
| **417** | Интелектуални и други услуги | **236.000,00** |
| 417100 | Договорни услуги | 236.000,00 |
| **418** | Останати други расходи | **950.000,00** |
| 418800 | Други расходи | 950.000,00 |
| | *Вкупно* | **1.658.000,00** |

## *СЕКТОР ЗА ПРОГРАМСКИ РАБОТИ*

| | | |
|---|---|---|
| **402** | Инвестиционо одржување на средствата | **141.600,00** |

| | | |
|---|---|---|
| 402030 | Поправки изврш.на добрата, сервис, монтажа, хардвер и софтвер | 141.600,00 |
| **417** | Интелектуални и други услуги | **7.232.000,00** |
| 417100 | Договорни услуги | 6.524.000,00 |
| 417800 | Други неспомнати услуги-истражувања | 708.000,00 |
| **442** | Други капитални средства | **354.000,00** |
| 442100 | Откуп на патенти,лиценци и други права | 354.000,00 |
| | *Вкупно* | **7.727.600,00** |

## *СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ЕКОНОМСКО - ФИНАНСИСКИ РАБОТИ*

| | | |
|---|---|---|
| **402** | Инвестиционо одржување на средствата | **40.000,00** |
| 402030 | Поправки изврш.на добрата, сервис, монтажа, хардвер и софтвер | 40.000,00 |
| **417** | Интелектуални и други услуги | **1.091.000,00** |
| 417100 | Договорни услуги | 991.000,00 |
| 417500 | Нотарски услуги | 100.000,00 |
| **418** | Останати други расходи | **354.000,00** |
| 418800 | ***Други расходи*** | 354.000,00 |
| | *Вкупно* | **1.485.000,00** |

## *СЕКТОР ЗА ИНФОРМАТИЧКА ПОДДРШКА И ОПШТИ РАБОТИ*

| | | |
|---|---|---|
| **400** | **Потрошени материјали** | **1.646.600,00** |
| 400002 | Ситен инвентар во употреба | 300.000,00 |
| 400003 | Униформи,обувки,облека | 166.600,00 |
| 400100 | Потрошено гориво,мазиво и сл. | 472.000,00 |
| 400300 | Потрошени канцелариски материјали | 300.000,00 |
| 400500 | Потрошени матер.за лична хигиена, вода и сл. | 140.000,00 |
| 400700 | Потрошени други материјали и суровини | 150.000,00 |
| 400900 | Потрошени резервни делови | 118.000,00 |
| **402** | Инвестиционо одржување на средствата | **3.441.000,00** |
| 402010 | Поправки изврш. на добрата,сервис,монтажа-леки коли | 500.000,00 |
| 402020 | Поправки изврш. на добрата,сервис,монтажа-мебел | 10.000,00 |
| 402030 | Поправки, изврш.на добрата, сервис, монтажа, | 259.600,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | хардвер и софтвер | |
| 402040 | Поправки изврш. на добрата,сервис,монтажа-опрема | 1.671.400,00 |
| 402050 | Поправка одржување на градежни објекти | 1.000.000,00 |
| **417** | Интелектуални и други услуги | **1.576.000,00** |
| 417100 | Договорни услуги | 472.000,00 |
| 417900 | Други услуги од правни лица | 1.104.000,00 |
| **418** | Останати други расходи | **4.850.000,00** |
| 418800 | Други расходи | 4.850.000,00 |
| **441** | Средства за опрема | **3.820.000,00** |
| 441200 | Купување-набавка на машини, уреди, инструменти | 1.320.000,00 |
| 441500 | Купување-набавка на друга опрема | 2.500.000,00 |
| | *Вкупно* | **15.333.600,00** |

## *СЕКТОР ЗА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ И ЗАШТИТА НА АВТОРСКИ ПРАВА*

| | | |
|---|---|---|
| **402** | Инвестиционо одржување на средствата | **185.800,00** |
| 402030 | Поправки изврш.на добрата, сервис, монтажа, хардвер и софтвер | 185.800,00 |
| **417** | Интелектуални и други услуги | **4.074.000,00** |
| 417800 | Други неспоманти услуги-истражување | 4.074.000,00 |
| **418** | Останати други расходи | **50.000,00** |
| 418800 | Други расходи | 50.000,00 |
| | *Вкупно* | **4.309.800,00** |

**Напомена:** Групирањето на трошоците по организациона структура е извршено врз основа на надлежноста на секој соодветен сектор за спроведување на одредена активност на Агенцијата.

## ПРЕДВИДЕНИ КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ЗА 2016-ТА ГОДИНА

Согласно ИПА Проектот 2011, кој се однесува за набавка на опрема за систем за мониторинг на медиумските содржини за потребите на Агенцијата, планирано е да се испорача опрема во вкупна вредност од 830.000,00 евра. Учеството на Агенцијата во овој проект изнесува 25% (проценти), односно 14.000.000,00 денари кои се планирани во Финансискиот план за 2016 година.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за доизградбата на деловниот објект „Палата Панко Брашнаров“ подигна кредит.Во 2016-та година се планирани средства во вкупен износ од 23.800.000,00 денари, од кои 9.800.000,00 денари се планирани за отплата на месечни ануитети за земен кредит, додека 14.000.000,00 денари се планирани за предвремена отплата на дел од кредитот.

**Бр.___________**

**_________2016 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател на Советот,**

_____________________________

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**